ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКРЕТАР

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 21 -47/6
Датум: 09.01.2023
Скопје

Врз основа на член 52, став 1 од Законот за административните службеници Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/18 и "Службен весник на РСМ" 275/19, 14/20, 215/21 и 99/2022), се донесе следната

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по пат на интерен оглас**

1.За извршител за работното место – УПР0101В01000, Советник за управни работи, во Одделението за правна заштита, Секторот за правни работи, се избира кандидатот Анета Блажовска Тодоровска.

2.Именуваниот од точка 1 на оваа одлука ќе биде унапреден на работното место по завршување на постапката за избор и конечноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во согласност со член 48 од Законот за административните службеници, на 27.12.2022 година на веб страната на Општина Карпош и на веб страната на Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас за унапредување на работно место – Советник за управни работи, во Одделението за правна заштита, Секторот за правни работи. Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана со Решение бр. 04-47/3 од 05.01.2023 година, донесено од страна на Градоначалникот на Општина Карпош изготви ранг – листа, што со Записник бр. 04-47/5 од 09.01.2023 година, ја достави до Секретарот на Општина Карпош.

Врз основа на Записникот со ранг – листата, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на Општина Карпош.

СЕКРЕТАР
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Неделчо Крстевски

Република Северна Македонија Општина Карпош Скопје

Доставено до:
- Именуваниот,
- Одделението за човечки ресурси и
- Архивата на Општина Карпош